**ЗАПИСНИК**
**од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 11.08.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини и м-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен, годишен одмор), Зоран Фиданоски (оправдано отсутен).

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради користење на годишен одмор.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, (овластено лице од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, по овластување бр.03-2673/1 од 01.06.2017 година), д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Арбен Саити, Горан Радуновиќ, м-р Тања Лазороска и м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски, ја отвори 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во врска со Точката бр.2, г-дин Петрушевски, побара половина час да се одложи седницата, за детално да го разгледаат материјалот. Исто така информира дека г-дин Фиданоски најавил дека нема да присуствува на седницата, бидејќи еден член од неговото семејство има здравствен проблем.

Седницата по одложувањето, започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за“, го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.08.2017 година.
2. Предлог за донесување на правен акт во врска со неоправданиот изостанок од работа три последователни работни дена од страна на вработен во Стручната служба на Агенцијата.
3. Разно.

Точка 1

Советот, го разгледа Предлог-записникот од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.08.2017 година.

Г-дин Јанчески, имаше забелешка, која се наоѓаше на страна 13 од вкупниот материјал. Имено, предложи во третата реченица од неговото обраќање, да се направат мали корекции, односно по зборовите „.. и кој ја има контролната функција во однос на идентичноста на тие две содржини..“, да се стави точка. Интервенцијата рече дека е

само во смисла на разјаснување на ситуацијата. Објасни дека директното обраќање кон г-дин Петрушевски е малку измешано во оваа реченица и предложи да стои: „..и кој ја има контролната функција во однос на идентичноста на тие две содржини." Потоа нова реченица, „.. Имено, во минатото кога членови на Советот учествува во активностите на координативното тело за интелектуална сопственост, имаше случаи на неусогласеност на она што се емитуваше реално и она што се добиваше како слика, по пристапувањето кај некои оператори, при што беа констатирани прекршоци." И потоа си продолжува неговото обраќање.

Советот, со корекцијата од г-дин Јанчески, едногласно го усвои предложениот записник од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.08.2017 година, со текст како што беше предложен

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски, во врска со Точка бр.2 , се извини што членовите на Советот материјалите ги добиле многу подоцна, затоа и седницата ја одложиле за половина час, да има време уште еднаш членовите на Советот подетално да ги прочитаат. Станува збор за вработен во Агенцијата, и поради заштита на лични податоци, седницата нема да се емитува директно на интернет.

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, м-р Драгица Љубевска, објасни дека вработената, користела годишен одмор во вкупно времетраење од 23 работни денови, односно од 3 јули заклучно со 3 август оваа година. На работа требала да дојде на 4 август. На 4 август не дојде на работа и прати по електронски пат до архивата на Агенцијата барање за користење на неплатено отсуство за период од 3 месеци, односно од 7 август до 7 октомври 2017 година. Барањето и беше одбиено, меѓутоа во меѓувреме, поточно на 4 август, по електронска пошта ја известила дека барањето и е одбиено, за да може да си ги планира понатамошните активности, додека Решението и беше доставено по електронски пат во вторникот односно на 9 август. Колешката до ден денес нема дојдено на работа, ниту има пратено известување за причините поради кои што не доаѓа работа, и според Законот за работни односи неоправдано има изостанок од 3 последователни работни дена, односно веќе повеќе и од 5 работни дена во текот на една година. Отсуството се потврдува и со увидот во прегледот на вработени од електронската евиденција за полното работно време. Значи како што кажала согласно Законот за работни односи неоправданото изостанување на работникот од работа во времетраење од три последователни дена, односно од 5 работни дена во текот на годината е и причина за откажување на договорот за вработување. Меѓутоа од друга страна, на 6 август претседателот на Собранието ги распиша изборите и од денот на донесување на одлука за распишување на изборите до нивно завршување, односно до изборот на членови на советите на општините и изборот на градоначалници на општините на градот Скопје, не смеат да се вршат вработувања ниту да се отпуштаат работници, додека започнатите постапки треба да се стават во мирување, со исклучок на итни и неодложни работи. Објасни дека Агенцијата, пратила допис до Комисијата за спречување на корупција, меѓутоа до овој момент до Агенцијата нема доставено одговор по повод испратениот допис. Согласно членот 8а од Изборниот законик се предлага Советот да донесе одлука за мирување на работниот однос на работникот поради законската неможност да се спроведе каква било постапка за откажување на договорот за вработување и тоа да биде со времетраење до завршување на изборите. На крајот додаде дека денес, некаде околу 9 часот и 19 минути колешката по електронска пошта

до архивата на Агенцијата достави известување и предлог за спогодбено раскинување на работен однос.

Г-дин Петрушевски, рече дека во секој случај било која варијанта да ја прифати Советот, најдобро решение е она што е предложено, а тоа е предлог-одлуката за мирување на работен однос. До раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи и до раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, постави едно прашање. Имено, во предлогот за донесување на правниот акт, на страна 2 во последниот параграф и на страна 3 во првиот параграф, на две места се споменува дека отказниот рок би требало да почне на 03.08.2017 година, и тоа не му е јасно, затоа што вработената до 03.08 има решение за годишен одмор. И логично му е да отказниот рок почне од 04.08 и тогаш оваа констатација дека 8-те дена истекуваат на 10.08, ако е 04.08 произлегува дека е тоа 11.08. Замоли да му се објасни зошто би бил отказниот рок од 03.08 кога на 03.08 таа е на годишен одмор со решение.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, објасни дека заклучно со 03.08 таа е во работен однос во Агенцијата. Кога на работникот ќе и го заклучат стажот во Агенцијата за вработување дека имала работен однос во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе биде заклучно со 03.08.2017г. и плата ќе земе до 03.08.2017г. На 04.08.2017г. може евентуално да започне во друга институција или да е без работа.

Г-дин Петрушевски, праша дали денот на теоретскиот престанок на работен однос во нормални услови би бил 04.08?

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, одговори дека не знае теоретски и не знам што ќе се случи во Агенцијата за вработување кога ќе се отиде со овој акт за мирување од 07.08.2017г. Навистина не може да предвиди. Во нормални услови, да не беше ова, таа 04.08.2017г. ќе беше на друго место до 03.08 ќе беше кај нас одјавена.

Г-дин Петрушевски, рече ако се брои од 04.08, осмиот ден е 11.08 односно денес.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, одговори дека на веб страницата на Агенцијата за вработување, и тоа и го напишале, пишува дека одјавувањето се врши во рок од 8 дена од денот на престанокот на работниот однос. Роковите, и кога се во прашање: жалби, тужби, и службен весник, стои „од денот", тоа значи дека не се смета денот, туку од денот, наредниот ден. Значи, од 04.08.2017г. до 11.08.2017г. – 8 дена, ама во Агенцијата за вработување го толкуваат и денот од 03.08.2017г. што апсолутно според неа не е. Тоа е посочено на нивната веб страница, тоа е нивно толкување. Додаде дека затоа се брзаше на 10.08 материјалот да биде на седница.

Г-дин Петрушевски, се обрати до г-ѓа Скерлев Чакар и рече дека овој проблем не се јавува во Предлог-одлуката, затоа што во Предлог-одлуката тоа не го пишува.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, одговори дека сега по начинот на пресметување на деновите во Агенција за вработување ако се земе 07.08, ќе излезе уште и дека може и во понеделник да се одјави.

Г-дин Петрушевски, рече дека во секој случај тој е сигурен дека треба да се донесеме Предлог-одлуката за мирување на работен однос и таа е таа што треба Советот да ја изгласа. Други дилеми нема, така што им предлага на колегите да не

навлегуваат во деталите што се напишани во дел од документите, како, зошто. вработената побарала ова или она. Мисли дека не е можно сега да се направи затоа што секако е и физички отсутна, исто и директорот е отсутен, на годишен одмор е. Предложи, едноставно да се усвои Предлог-одлуката за мирување на работен однос. На тој начин ќе го запазат и Изборниот законик, и ќе се остави можност и нејзиното барање да во наредниот период се разгледа и дополнително. Многу е битно да се испрати барање од АААВМУ до Државната комисија за спречување на корупција, да објаснат дали и кога и вработената бара, дали и додека траат изборите може да и се излезе во пресрет, т.е. да го прекинат договорот за работа, тоа зависи од ДКСК. Така да ако од нив се добие назад одобрение, Советот можеме и да не ги чека изборите. Но, да не дискутираат однапред. Сега засега само го прекинуваат, го ставаат во мирување работниот однос.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, праша дали тоа значи дека треба до ДКСК ново барање за ново прашање да достават?

Г-дин Петрушевски, одговори позитивно, и рече дека треба да се прашаат бидејќи Советот ја ставаме во мирување работата, дали може да донесат Одлука бидејќи таа самата бара.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, праша која Одлука? Дали да и се прекине работниот однос со отказ поради тоа што со Закон си има услови или бидејќи бара раскинување на договор со спогодба?

Г-дин Петрушевски, одговори да, бидејќи самата вработена тоа го бара.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, одговори дека многу е различно. Едно е отказ, едно е спогодба. Рече дека нема проблем, Секторот ќе го подготви дописот, само сака да се знае што точно ќе се побара.

Г-дин Петрушевски, рече дека е сосема јасно дека ако се оди според тоа како што е започнат процесот, значи според деновите, Советот мора да чека да заврши изборниот процес. Тоа што самата вработена го барала, мисли дека тоа отвара можности дека на второто прашање може и порано да и се излезе во пресрет и можеби таа ќе си најде работа и на друго место.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, праша што ќе се прави со тоа што е прекршен Законот и што вработената по тој основ треба да добие отказ? Така има дилема.

Г-дин Петрушевски, рече, добро, таа одлука не е ставена во денешните материјали. Тоа ќе го решат дополнително за нејзиното барање. Сега засега е битно да се стави во мирување работниот однос.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.04-3488/4 од 11.08.2017 година поднесен од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, по овластување бр.03-2673/1 од 01.06.2017 година и едногласно донесе Одлука за мирување на работен однос на работникот, поради законска неможност од спроведување на постапка за откажување на договорот за вработување со анекси, поради неоправдано изостанување на работникот од работа три последователни работни дена (04.08.2017 година, 07.08.2017 година и 08.08.2017 година), со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжува Секторот за правни и економско – финансиски работи горенаведената одлука да ја достави во Агенцијата за вработување на Република Македонија - Центар за вработување на Град Скопје, со цел реализирање на постапката за мирување, во врска со одлуката за мирување на работниот однос

**Точка 3**

**Разно.**

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско – финансиски работи, Горан Радуновиќ, го објасни Предлогот за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип бр.08-902 од 08.07.2015 година. Објасни дека на седницата одржана на 04.08.2017г. Советот донесе Одлука за покренување на постапка за одземање на дозволата на наведениот радиодифузер, кој поседува дозвола за емитување во регионот на Штип, бидејќи во законскиот период од 30 дена не го платил надоместокот. За одлуката беше известен радиодифузерот, кој во текот на вчерашниот ден извршил уплата во целост. Во таа насока се предлага на оваа седница да се донесе решение за да се стопира покрената постапка за одземање на дозволата бидејќи е отстранета пречката поради која беше покрената постапката за одземање на дозволата на ТРД Ирис Штип.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-343 од 11.08.2017 година поднесен од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, по овластување бр.03-2673/1 од 01.06.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип бр.08-902 од 08.07.2015 година, поради извршена уплата во износ од 304.300,00 (тристаичетириилјадиитриста) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжува Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр.02-3552/4**
**22.08 2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**